

## Младите бегалци и изгубените деца мигранти во Европа: за подобра прекугранична соработка

Во Европската Унија, секоја година, најмалку 250000 деца се пријавуваат за изгубени. Случаите вклучуваат бегалци, грабнување од родителите или одведување од трето лице; загубени, повредени или инаку исчезнати деца, и исчезнати деца мигранти без придружба. Околу 80% од случаите се пријавени кај државните власти и кај специјализираните служби за исчезнати деца и повеќето од децата се враќаат дома или се најдени по кратко време. Исчезнатите деца мигранти без придружба претставуваат најголем број од непријавените случаи.

Децата мигранти се сметаат за исчезнати кога ги снемува од заштитата на државата, од местото на прием или сместување обезбедено за нив. Причините се различни: неадекватни услови за прием, страв од депортација или задржување, или желба да им се придружат било каде на членовите од семејството. Изгубените деца мигранти се посебно ранливи бидејќи се изложени на висок ризик од препродавање/трговија со луѓе, (сексуална) експлоатација, или насилство по патот, што води до здравствени ментални проблеми и траума за 10/20% од децата без придружба.

ЕУ ги штити и ги унапредува правата на детето, за што говори фактот дека сите земји членки на ЕУ ја потпишале Конвенцијата на ОН за правата на детето. Понатаму, Повелбата на ЕУ за основните права како и Договорот од Лисабон (Член 3 (3) Договор за ЕУ) уверува дека институциите на ЕУ делуваат кон целта за унапредување на правата на детето. За таа цел, ЕУ има поставено неколку мерки во партнерство со меѓународни организации за да го намали бројот на изгубени деца. Телефонската линија „116 000“, која функционира во сите земји членки, отпочнала со работа во 2007-та од страна на Европската Комисија како средство за известување за изгубени деца, како и за обезбедување на социјални услуги за децата и семејствата. Дополнително, поставени се алерт механизми за

деца во случај на сомнение за криминално грабнување или исчезнување со цел да се подготви јавноста со помош на сите можни електронски средства.

Како одговор на растечкиот број на деца мигранти, кои чинат 30% од сите ЕУ апликации за азил во 2015 и 2016, Европската Комисија во април 2017 година предвидела приоритетни активности за заштита на сите деца во миграција. Тие вклучуваат брза идентификација и заштита при пристигањето, обезбедување на адекватни услови за прием, ефективно туторство, побрзо изнаоѓање на семејството и процеси за повторно соединување на семејствата.

Наспроти овие напори, уште многу останува да се стори за изгубените деца мигранти. Потребно е да се подобри **прекуграничната соработка** меѓу земјите членки, како и соработката помеѓу полициските служби, агенциите за заштита, националните и локалните органи на власта, правните служби и социјалните работници. Потребна е подобра обука на кадарот за регистрација и прв прием; недоволно податоци се прибрани и многу капацитети не ги задоволуваат стандардите за заштита на детето.

---

Септември, 2017
Преземено од: www.publicpolicyexchange.co.uk
Подготвил: прим. д-р сци. В.Спирова